Правете дела онолку колку што можете да издржите, зашто, се колнам во Аллах, Аллах не се заморува (не престанува да дарува награда) сè додека вие не се изморите (од правење добри дела).’“

Мајката на верниците, сопругата на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува: „Додека кај мене беше Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, покрај нас помина Хавла бинт Тувејт бин Хабиб бин Есед бин Абдулуза. Реков: ‚Ова е Хавла бинт Тувејт, а велат дека воопшто не спие ноќе.‘ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Не спие ноќе?! Правете дела онолку колку што можете да издржите, зашто, се колнам во Аллах, Аллах не се заморува (не престанува да дарува награда) сè додека вие не се изморите (од правење добри дела).’“

[متفق عليه] [صحيح]

Кај мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, била Хавла бинт Тувејт, Аллах нека е задоволен со неа. Додека Хавла беше кај неа, влезе Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, па таа излезе. Аиша рече: „Оваа жена не спие ноќе, туку целата ноќ ја поминува во намаз.“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, изненаден од нејзината строгост кон себе, рече: „Не спие ноќе?! Чинете добри дела онолку колку што можете да издржите, затоа што, се колнам во Аллах, Аллах не се заморува – не престанува да им дава награда на Неговите побожни и покорни робови – сè додека вие не се изморите и не се откажете од нив.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/10411